

**Здружената Коњаница „Бигорски Манастир Патот на Црешовото Топче“: Бараме Слобода за Уставобранителите**
**!**

Коњаниците денес во 8.30 часот традиционално тргнуваат од: с. Зубовце-Гостиварско. Потоа во 10.30 часот во с.Тумчевиште, 15.00 часот во Црквата Св. Богородица во центарот на Гостивар а во 16.00 ч. коњаниците тргнуваат кон Бигорски Манастир.

Здружението **“БИГОРСКИ МАНАСТИР- ПАТОТ НА ЦРЕШОВОТО ТОПЧЕ”** е формирано
**п**
ред  Петнаесет години со цел да ја искажеме почитта кон основоположниците на нашата сегашност и да ветиме: нивната заклетва е и наша заклетва, нивниот аманет е и

наш аманет.

Здружената Коњаница „Бигорски Манастир Патот на Црешовото Топче“ ја сочинуваат коњаници од: Гостиварско, „Илинден“од с. Радово, „Букефал“ од Битола, Крушево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Штип и за прв пат **„Златна Потковица“ од Ново Село- општина Ѓорче Петров.**

Пет дена, околу 50 коњаници низ планините на западна Македонија, ќе поминат над двеста километри.

На 31 Јули пристигнуваат кај езерото во Крушево- кампот на коњаницата, **а на** 2 август Илинден, ќе учествуваат на централната прослава, десет дена Крушевска Република.

**Оваа година Коњичкиот марш го посветуваме на УСТАВОБРАНИТЕЛИТЕ КОИ БЕЗ НИКАКВА ВИНА ЛЕЖАТ во македонските затвори!**

**Бараме Слобода за Уставобранителите!**